ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

# ООУ “Мирче Ацев“
# УЧИЛИШЕН БИЛТЕН

Билтенот е достапен: oumirceacev.edu.mk

## ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2015/2016

Промени на наставните планови и програми *стекнување на поинакви знаења,вештини и ставови*

Промени на наставата и учењето *ученикот е во центар на вниманието*

Промени на оценувањето *воспоставување критериуми, стандарди и етички кодекс на оценување*

Промени на технологијата *компјутеризација и примена на ИКТ*

Промена на училницата *раководење и организација на училницата*

# Орган на раководење

## *Гоце Боцевски*

Директорот на училиштето има утврдени задачи со Законот за основно образование, подзаконски акти, статутот и другите општи акти во училиштето.

Планот и програмата за работа на директорот во основното училиште освен вообичаените задачи кои произлегуваат од сите сфери на непосредниот воспитно – образовен процес, опфаќа и голем број работи кои се појавуваат секоја учебна година.

Основна задача на директорот е одговорност за законското работење на цело училиште.

# Орган на управување

Состав

## *Училишен одбор*

- Претставник на МОН
- Претставник на основачот
- Претставник на родителите
- Претставник на наставниците

Претседател

(претставник на наставниците)

**Мисија**

Соочени со современото живеење каде знаењето е богатство и моќ, создаваме училиште за успешни ученици проготвени за идните животни предизвици и успех кои ќе ги води кон правилен пат во животот.

Според нивните индивидуални способности, интереси и потреби, овозможуваме стекнување на ралични знаења и вештини. Градиме толерантни, одговорни и искрени личности кои учат едни од други и меѓусебно си помагаат. Со праведно и еднакво однесување кон сите, се надминуваат етничките стереотипи и се почитуваат етничките разлики. Развивање на плодна соработка со родителите и локалната самоуправа.

Промовирање на учење за знаење, а не учење за оцена кое создава трајни и применливи знаења.

**Визија**

Современо, иновативно, отворено училиште свртено кон промени кои придонесуваат во создавањето на поквалитетен наставен процес во чиј центар е ученикот со развиена свест и надминати предрасуди. Целиме кон училиште по мерка на детето, место каде со задоволство соработуваат учениците, наставниците и родителите. Различните образовни потреби и современата настава со современи нагледни средства овозможуваат истражувачка и креативна настава, успешна и здрава училишна клима, ученици подготвени за доживотно учење и достигнување на личниот максимум.

**Мото**

Животот ни го враќа само тоа што им го даваме на другите.

Член 36
од Законот за основно образование на Република Македонија:
“Основното училиште е должно да ги запознае учениците и родителите преку брошура, со одделни делови од програма за работа, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето“



Годишната програма за работа на ООУ“Мирче Ацев“ претставува главен документ со кој се планираат сите педагошки активности,се одредуваат задачи и цели како и начинот на координирање на сите дејности на педагошките субјекти во училиштето и во непосредната локална заедница.

# Настава и учење

## Видови настава

**Настава по задолжителни наставни предмети**

**Настава по изборни наставни предмети**

**Додатна и дополнителна настава**

*Наставата се реализира преку наставни часови.*
*Секој наставен час трае 40 минути.*
*Редоследот на наставните часови по предмети и паралелки се уредува со распоред на часови (одделен за одделенска и предметна настава).*
*Додатната и дополнителната настава се реализираат преку наставни часови утврдени со училишниот распоред на часови.*
*Примерок за распоредот на наставните часови се истакнува на огласната табла во училиштето.*

# Lessons Learned-Веќе научено

Од извршените анализи за работењето на училиштето во изминатата учебна 2014 / 2015 година може да се заклучи дека училиштето успешно чекори по вистинската патека создавајќи ја училишната политика. Целите на нашето училиште се јасни и се фокусирани на создавање квалитетна настава и максимално постигнување на сите ученици. Во креирање и реализирање на целите вклучени се сите релевантни субјекти (наставници, родители, ученици, Лолалната самоуправа). Реализираните цели имаат позитивно влијание за работењето на училиштето. Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар. Навремено се идентификуваат потребите од материјално - технички средства и континуирано се обезбедуваат истите. Континуирано се интервенира и се обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето.

Веќе научено – стекнати искуства:

- Уредување и осовременување на училишниот простор води кон простор пријатен за престој и реализирање на современа и квалитетна настава;
- Изработка на споредбени анализа за успехот и поведението на учениците, анализи од интерно и екстерно проверување на учениците води кон континуирано следење на постигнувањата на учениците;
- Изготвување на месечни, полугодишни и годишни извештаи е показател за континуирано следење на реализираните училишни активности и очекуваните ефекти од нивната реализација;
- Вклученоста на училиштето во проекти води кон подобри резултати и промоција на училиштето;
- Сорабаотка со родителите и стручната служба во училиштето води кон подобар успех и лични развој на учениците;
- Оддржување стручни активи и посета на семинари од страна на наставниците дава позитивни резултати во осовременување и усовршување на наставата;
- Подобрените хигиенски услови се чекор кон здраво и квалитетно живеење.

Училишен тим за изработка на годишна програма

# Приоритети и цели

Мото: ***За три чекори понапред***

Стратешка цел:

Подобрување на инфраструктурата во училиштето

Развојни цели:

Поврзување на училишната зграда со фискултурната сала преку
затворен премин

Стратешка цел:

Подобрување на ресурсите за изведување на квалитетна настава

Развојна цел:

набавка на ЛЦД проектори во училници

Стратешка цел:

Подобрување и осовременување на квалитетот на наставата и проширување на наставните програми

Развојна цел:

Одржување на едукативни работилници